Заеднички вредности

Здружение на граѓани за поддршка на меѓуетнички дијалог и развој на заедниците

★★★★★★★★★★

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2024

ЗАЕДНИЧКИ ВРЕДНОСТИ

□□□□□□□□□□

Март, 2025 година

]

Здружение на граѓани за поддршка на меѓуетнички дијалог и развој на заедниците **Заеднички вредности** е насочена кон иницирање и поддршка на граѓанскиот дијалог за рамноправно учество на етничките заедници во остварувањето на одржлив развој на локално и национално ниво.

1. Поттикнување и поддршка на иницијативи кои се движат во насока на остварување на соработка и кои подразбираат делување во правец на остварувањето на граѓанскиот дијалог меѓу луѓето со различна етничка припадност, развој на демократија и граѓанско општество;

2. Поттикнување на дијалогот меѓу граѓаните, локалните институции, како и потикнување на заложби за рамноправно учество на граѓаните без разлика на нивната етничка и верска припадност во развојот и функционирањето на локалните заедници;
3. Следење и подобрување на легислативата од областа на малцинските права, поддршка на иницијативите за заштита и промовирање на човековите права.

Активностите на Заеднички вредности се фокусирани кон следната целна група: граѓани на Северна Македонија/ немозински етнички заедници, жени, деца, млади.

Ц**елите на програмата** зададени за овој интервал беа следни:

- Воспоставување и развој на подобри односи меѓу различните групи во етнички мешаните средини;

- Градење меѓусебна доверба преку подобро меѓусебно запознавање и преку запознавање на традицијата, културата, религијата и јазикот на другиот;

- Промоција на вредностите на толеранцијата, дијалогот, соживотот и зачувувањето на мирот;
- Соработка и вмрежување на НВО и неформални граѓански групи;

- Подигнување на јавната свест за екологија

- Подигнување и промовирање на пронципите на дигитализација, проблеми и потреби со кои се соучуваме о општеството.


Целите кои беа поставени пред здружението во овој период беа:

- Промоција на граѓанскиот принцип и активно учество на етничките заедници во процесот на донесувањето на одлуки;
- Информирање на јавноста и нејзино активно ангажирање во активостите за лобирање за остварувањето на одржливиот развој на заедницата, вклучувајќи ја дигитализацијата и еколошките проблеми и потреби.
- Засилување на капацитетите на НВО за успешно адресирање на проблеми и потреби, како и нивно активно вклучување во процесите на донесување одлуки на локално и на национално ниво

РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТАТА НА ЗАЕДНИЧКИ ВРЕДНОСТИ

Веб страна www.cv.org.mk


Во рамки на институционалната програма беше создадене/реакитвирана и веб страницата на Заеднички вредности. Во него, вработените се трудат најновите информации за своите тековни активности, проекти, објави, конкурси, анкети, новости и сите електронски документи да ги направи достапни до пошироката јавност.




Публикации

Во текот на 2024 година, Заеднички вредности работеше на промовирање на правата на жените од руралните средини во Република Северна Македонија, како и на нивно промовирање до пошироката јавност. За таа цел до сега Заеднички вредности имаше објавено неколку материјали, кои се достапни на веб страницата.

Брошури


Кои сме ние?
Заеднички вредности е непартиска и непрофитна организација со седиште во Скопје, Република Македонија. Мисијата на здружението е насочена кон иницирање и поддршка на граѓански дијалог за рамноправно учество на етничките заедници кои живеат во РМ во одржлив развој на локално и национално ниво.
Заеднички вредности започна со работа во февруари 2005 година, како дел од стратегијата за трансформација на Програмата Подобрување на меѓуетничките односи на Фондација Институт отворено општество - Македонија, Фондација Крал Бодуен и Фондација Чарлс Стјуарт Мот, која што се имплементира од 2001 година.
Контакт информации
Хајрије Ахмед - претседател
Климент Глигоров - програмски асистент
Програмски советници
Правна регулатива
Анита Војновска, Веса Шкортова
Градење капацитети
Самет Скендери, Сабахета Мерсими
Меѓународна соработка
Бардил Јашари, Сретен Коцески
Адреса:
Климент Охридски 7/1
п.фах.589
1000, Скопје, Македонија
Тел/факс.
+389 2 3113966
+389 2 3113907
E-mail:
info@cv.org.mk
Веб страна:
www.cv.org.mk
King Baudouin Foundation
Charles Stewart Mott Foundation
Заеднички вредности



Goals

- Promoting the civil principle and active participation of ethnic communities in the decision-making processes
- Public information and its active lobbying for sustainable development of the comunities
- Strengtehning capacities of NGOs in the light of their successful addresing problems and needs, as well as their active involvement in the decision-making processes on both local and national level.

Field of operation

- Legislation/ Law implementation
- Civil sector capacity building
- International cooperation and exchange of experience on regional and global level

Activities

- Publishing manuals, brochures, strategic documents in the sphere of ethnic communities rights
- Developing data bases containing national legislation in the field of ethnic communities rights
- Organizing capacity building training programs for the civil sector and their active involvement in the decision-making and policy making processes
- Cooperation with relevant national and international organizations and institutions.

ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТИ / АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Во текот на 2024 година тимот на Заеднички вредности го реализираше проектот **Премостување на дигиталниот јаз: подобрување на животот на жените во руралните средини. Општата цел** на проектот е да ги подобриме условите на животот на жените во рурланите средини преку пристапот, употребата и примената на дигиталните технологии и вештини.

Специфични цели:

1. Подигање на свеста кај жените за значењето и придобивките од дигиталните вештини
2. Градење капацитети на жените во рурланите средини за стекнување на основни дигитални општини
3. Поврзување и создавање на мрежи помеѓу жените од рурланите средини за споделување на искуства и инсипрација во врска со користењето на дигиталните вептини

Целна група

Директна целната група на проектот се:

Жените од руралните средини кои бараат вработување, кои имаат потреба од дополнително јакнење на дигиталните вештини.

Индиректа целна група се:

Претставници на граѓански организации

Единици на локална самоуправа

Локација **Скопски плански регион:** (Чучер Сандево, Арачиново, Шуто Оризари, Сарај и Чаир)
Полошки планкси регион: (Теарце, Врапчиште, Јегуновце, Желино, Брвеница, Боговиње)
Североисточен планкси регион: (Старо Нагоричане, Ранковце, Липково)

Главните активности беа
А.1.Обуки за дигитални вештини
А.2.Онлајн едукативни видеа за дигитални вештини
А.3.Воспоставување/ креирање на Платформа за дигитални вештини за трите плански региони.
А.4. Кампања за промоција на дигиталната писменост

ВКУПЕН БУЏЕТ НА ПРОЕКТОТ Е 23.915 усд финансиран од Фондација отворено општтество и се реализира до јули, 2024 година.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

1. Градење на капацитетите на жените во руралните области за стекнување на основни дигитални општини
2. Зголемен пристап на жените од рурални средини до информаци и ресурси за дигитални вештини
3. Креирање на Платформа за дигитални вештини
4. Информативна и медиумска кампања за промоција на придобивките од јакнење на дигиталните вештини

Поготовка и организирање на 15 обуки и дигитални вештини
Воспоставување/креирање на платформа за дигитални вештини за трите региони
Кампања за промоција на дигитална писменост
Анализа на податоци од дигитални платформи што се користат за кампањата, како што се аналитика на веб-локации, метрика за ангажирање на социјалните медиуми. Анкети или интервјуа спроведени меѓу целната публика за да се процени нивната свест и разбирање за придобивките од дигиталните вештини како резултат на кампањата
Кампања за промоција на дигитална писменост

Активности	Кога е реализирана	Постигнати резултати	Извори за верификација на резултатите
Обуки за дигитални вештини ќе бидат организирани за жени од рурални средини на кои им недостасуваат вештини од ваков тип. Обуките ќе ги спроведеме во трите плански региони во Република северна Мкаедонија	Октомври 2023 – Јуни 2024	15 реализирани обуки со вкупно 150 обучени жени Обуките се рализирани во овие општини: Бутел, Чучер Сандево, Арачиново, Шуто Оризари, Сарај и Чаир, Теарце, Врапчиште, Јегуновце, Желино, Брвеница, Боговиње, Старо Нагоричане, Ранковце, Липково.	Листа на учесници, слики
Креирање на кратки едукативни видеа за секоја тема од обуките (3 кратки видеа)	Февруари – Јуни 2024	ТРи нови едукативни видеа за промовирање на дигиталната писменост	Линкови до видеата https://www.youtube.com/watch?v=prl_LZfH8nw https://www.youtube.com/watch?v=k6ggth9wo-E https://www.youtube.com/watch?v=S-xtI1aYl2U https://www.youtube.com/watch?v=UYZA68RRLEs https://www.youtube.com/watch?v=trI7wjE9IVA https://www.youtube.com/watch?v=Zzxe-zS3iMk&t=3s
Воспоставување/ креирање на Платформа за дигитални вештини за трите пласнки региони	Ноември – Јуни 2024	Воспоставена нова платформа за дигитални вештини	Линк на платформата https://www.cv.org.mk/%d0%b7%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b5%d0%ba%d1%82%d0%be%d1%82/
Кампања за промоција на дигиталната писменост	Октомври – Ноември 2023	Медиумската кампања за промоција на дигиталната писменост постигна значителни резултати, зголемувајќи ја свеста за важноста на дигиталните вештини меѓу младите и образовните институции. Кампањата привлече голем број учесници преку употреба на соодветен хаштаг, Произведените материјали беа успешно промовирани и дистрибуирани.	Извештај од компанијата за промовирање на проектот ФБ постови,линкови на креираните видеа
Припрема за обуките	Ноември 2023	Припрема на Агенда и материјали за презентација	Подготвени агенди и материјали за презентација
Припрема на техничка документација за повикот за Воспоставување/ креирање на	Ноември 2023	Креирање на ТОР за Повикот	Ворд документ на ТОРот

РЕАЛИЗИРАНО АКТИВНОТИ – МЕДИУМСКА ПОКРИЕНОСТ

2.2. Медиумски настани

Дата, време на емитување (за ТВ и радио)	**Тип и досег на медиумот** (ТВ, радио, весник, магазин, интернет, локален/национален, итн.)	**Име на медиумот**	**Наслов на материјалот**	**Вид на материјал (**напис, интервју, оглас, известување, новинарско истражување итн.**)**	**Тема и фокус на материјалот**
15.03.2024	ТВ	МТВ1	Македонија на утро	Интервју	Информации за проектот
15.03.2024	ТВ	МТВ1	**Добро Утро Секое Утро**	Интервју	Информации за проектот
	ТВ	АЛФА		Интервју	Информации за проектот
15.03.2024	Онлине медиум	МИА	Реализација на проектот „Надминување на дигиталниот јаз: Со дигитална технологија до унапредување на жените од руралните средини“	Соопштение	Информации за проектот
15.03.2024	Онлине медиум	**Градска Реадкција**	**ВИДЕО: Потребна е дигитализација за зајакнување на жените**	Видео материјал	Промоција на видео
08-14.03.2024	ТВ	ТВ КОХА	**Емитување на видео спот за дигитална писменост кај жените**	Видео материјал	Промоција на видео

28.06.2024	Медиуми	Сите локални медиуми		Соопштение до медиумите	Информирање за реализиран проект
02.07.2024	Онлине медиум	НетПрес	**Премостување на дигиталниот јаз: Подобрување на животот на жените во руралните средини** Медиум:	Информација	Информирање за реализиран проект
01.07.2024	Онлине медиум	**Градска Реадкција**	**ВИДЕО: Моќ преку дигитализација 3**	Видео материјал	Промоција на видео
01.07.2024	Онлине медиум	Емитер	**ВИДЕО: Моќ преку дигитализација 3**	Видео материјал	Промоција на видео
01.07.2024	Онлине медиум	Турлитава	**ВИДЕО: Моќ преку дигитализација 3**	Видео материјал	Промоција на видео
01.07.2024	Онлине медиум	Контакт	**ВИДЕО: Моќ преку дигитализација 3**	Видео материјал	Промоција на видео
01.07.2024	Онлине медиум	Курир	**ВИДЕО: Моќ преку дигитализација 3**	Видео материјал	Промоција на видео
01.07.2024	Онлине медиум	Брејкингњус			
01.07.2024	Онлине медиум	Република			
02.07.2024	Онлине медиум	Нетпрес			

Домашни организации со ки соработуваме

- Центар за граѓански иницијативи – Прилеп
- Институт за развој на заедниците – Тетово
- Здружение за унапредување на новинарски практики Иновативни медиуми, Скопје
- Иницијатива за европска перспектива –ИЕП
- Единици на локална самоуправа во Република Северна Македонија
- Министерства во Република Северна Македонија

ПЛАНОВИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Во текот на 2024 година, „Заеднички вредности“ покрај тековните програмски активности, активно работеше на внатрешна консолидација и планирање на организацискиот развој. Започна процес на проширување на тимот со нови членови, со цел да се зајакнат човечките ресурси и да се одговори на зголемените програмски потреби. Паралелно со тоа, се изработува и се очекува да се усвои нова стратешка рамка за 2025 година, која предвидува не само институционално јакнење и развој на компонентата за прибирање средства (fundraising), туку и насочување кон продлабочување на соработката со други чинители на локално и национално ниво. Во фокусот на стратешките приоритети за 2025 година ќе биде градењето на стабилни партнерства со институции, организации и други засегнати страни, со цел планирање и имплементација на заеднички проекти што ќе придонесат кон поинклузивен и одржлив развој на заедниците

- Јакнење на капацитетите на вработените
- Организациско јакнење во делот на bachmarking, зголемување на капацието на здружението
- Координирање и членување во домашни и меѓународни мрежи и сојузи за малцински права
- Градење на партнерски односи со локални институции
- Јакнење на капацитети на немнозински заедници за нивно општествено учество
- Лобирање и застапување за потербите на немнозинските заедници.
- Мониторинг на процесите на ЕУ интеграција во контекст на исполнување на стандардите за уживање на правата на немнозинските заедници.

Претседател,

Флорент Бајрами